РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-588
06-09-2019 год.

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи ("Сл.весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 16/10, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/15, 27/16 и 120/18), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 77-а и 77-б од Закон за културата („Сл.весник на РМ "бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11,51/11,136/12,23/13,187/13,44/14,61/15,154/15,39/16,11/18, и одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.34/15), и известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-4864/2 од 19.06.2019 година, Националната установа „ Македонски народен театар" – Скопје објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС
Број 3/2019

I.Националната установа „Македонски народен театар" – Скопје има потреба од вработување на 7 (седум) помошно – технички лица ,на неопределено време за следните работни места:

1. 1 (едно) лице на работно место **Шминкер,** шифра КУЛ 04 05 Б01 006
   Посебни услови: степен и вид на образование, Средно стручно образование, уметничко образование и поседување сертификат за шминкер. За ова работно место е потребно кандидатите да имаат 1 (една) година работно искуство. Согласно годишниот план за вработување на установата за 2019 година, за вработување на 1(едно) лице за работно место шминкер е предвидено за Албанец/ка.

2. 2 (две) лица на работно место **Декоратер**, шифра КУЛ 04 01 А03 006
   Посебни услови: степен и вид на образование, најмалку основно образование. Согласно годишниот план за вработување на установата за 2019 година, за вработување на 1(едно) лице за работно место декоратер е предвидено за Албанец/ка, а за вработување на 1(едно) лица за работно место декоратер е предвидено за Ром/ка.
3. 1 (едно) лице на работно место **Гардеробер за прием на посетители**, шифра КУЛ 04 01 Б01 001
   Посебни услови: степен и вид на образование, Средно образование.Согласно годишниот план за вработување на установата за 2019 година, за вработување на 1 (едно) лице, за работно место гардеробер за прием на посетители е предвидено за Албанец/ка.
4. 1(едно лице) на работно место **Шивач** шифра КУЛ 04 05 Б01 003
   Посебни услови: степен и вид на образование, средно стручно образование и поседување сертификат за шивач. За ова работно место е потребно кандидатите да имаат 1 (една) година работно искуство. За ова работно место ќе се изврши тестирање на кандидатите односно практична проверка на нивните способности за ова работно место. Согласно годишниот план за вработување на установата за 2019 година, за вработување на 1(едно) лице, за работно место шивач е предвидено за Албанец/ка.
5. 1(едно) лице на работно место **Кројач ,** шифра КУЛ 04 05 Б01 002
   Посебни услови : степен и вид на образование, средно стручно образование и поседување сертификат за кројач. За ова работно место е потребно кандидатите да имаат 1 (една) годин работно искуство. За ова работно место ќе се изврши тестирање на кандидатите односно практична проверка на нивните способности за ова работно место. Согласно годишниот пла за вработување на установата, за вработување на 1(едно) лице, на работно место кројач, е предвидено за Албанец/ка.
6. 1 (едно лице) на работно место **Електричар** шифра КУЛ 04 01 А01 001

Посебни услови : средно стручно техничко образование. За ова работно место е потребно кандидатите да имаат 1 (една) година работно искуство. Согласно планот за вработување на установата за 2019 година,за вработување на едно лице на работно место електричар, е предвидено за Албанец/ка.

II.Кандидатот за работно место треба да ги исполнува општите услови:

- **Да е државјанин на Република Македонија,**
- **Активно да го користи македонскиот јазик,**
- **Да е полнолетен,**
- **Да има општа здравствена способност за работното место и**
- **Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,**
- **Доказ за работно искуство.**

III. Распоред на работното време: Дневното работно време за огласените работни места шминкер,гардеробер за прием на посетители,декоратер, е во траење од осум часа дневно (согласно програмски потреби за проби и претстави, двократно, односно во смени), односно 40 часа неделно, додека за работните места кројач, шивач и електричар е предвидена дневна работа во траење од 8 часа дневно или согласно програмски потреби за проби и претстави работа во смени).

IV.Основна нето плата:

1. 20.557, 00 денари – Шминкер
2. 21.147,00 денари – Декоратер
3. 14.532,00 денари – Гардеробер за прием на посетители
4. 20.025,00 денари- Шивач
5. 20.025,00 денари - Кројач
6. 20.147,00 денари - Електричар

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на Националната установа „ Македонски народен театар" – Скопје . Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство, не постаро од 6(шест) месеци;
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место;
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Националната установа „Македонски народен театар" – Скопје, секој работен ден од 8,30 до 16,30 часот или по пошта на следната адреса: ул. 11-ти Март бр.3 – Скопје (со назнака за „ повторен јавен оглас број – 3/2019")

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Ненавремените пријави и документацијата нема да се разгледуваат. По истекот на рокот за пријавување огласот ќе биде отстранет од интернет страната на НУ „Македонски народен театар" – Скопје.

Административната селекцијата, интервјуто на пријавените кандидати и тестирањето ќе ги спроведе Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто и практичното тестирање.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работни односи.

НУ Македонски народен театар Скопје